ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 ), Секретарот на општина Гевгелија донесе,

**О Д Л У К А**
**за избор на административен службенк**
**по Интерен оглас бр.01/2025**

1.По инетерниот оглас 01/2025 објавен на ден 9.6.2025 година, за унапредување на административен службеник во Општина Гевгелија **се избира**:
- **Трајко Арџанлиев,** со вкупно освоени бодови **29,35** за работно место под реден број 1 од интерниот оглас, УПР 01 01 В01 000 – **Советник за комунални работи**, во Одделението за комунални работи и локални патишта, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина;

2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.04-879/1 од 3.6.2025 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.04-879/3 од 3.6.2025 година, доставени од Секретарот на општина Гевгелија до Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 9.6.2025 година објавен е Интерен оглас број 01/2025 на веб страната на Општина Гевгелија и на веб страната на Агенцијата за администрација, за унапредување на административен службеник, на работно место Советник за комунални работи, 1 (еден) извршител, во Одделението за комунални работи и локални патишта, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана од Секретарот на општина Гевгелија, со Решение број 04-879/7 од 9.6.2025 година, на ден 27.6.2025 година, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција со Записник бр.04-879/8 и интервју со Записник бр.04-879/9.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за унапредување на адмнистративен службеник изготви финална ранг-листа и предлог-одлука за избор и ги достави на Секретарот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Секретарот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Секретар
на општина Гевгелија,
***Оливера Кртова***

Бр.04-938/2
2.7.2025 година
Гевгелија

Изработил, Весна Хаџикојчева

Доставено до:
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива
-Административен службеник